Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.38/09, бр.158/2010) Градоначалникот на Општина Кочани, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кочани

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат техничкиите и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци што се применуваат во Општина Кочани (во натамошниот текст: Општината).

**Член 2**

Општината ќе применува технички и организациски мерки кои се класифицираат во три нивоа:

- основно ниво,
- средно ниво и
- високо ниво.

**Член 3**

За сите документи задолжително ќе се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво.

За документи кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат техничките и организациските мерки кои се класифицираат на основно и средно ниво.

За документите кои се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа, а содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицираат на основно, средно и високо ниво.

## II. ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

**Член 4**

Општината врши евидентирање и ја чува целокупната документација за софтверските програми за обработка на личните податоци и сите негови промени.

**Член 5**

Администраторот на информацискиот систем во Општината е должен да врши одржување на целиот информациски систем во Општината согласно документацијата за техничките и организациските мерки.

**Член 6**

Во Општината се обезбедуваат следните технички мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци при користење на информацискиот систем:

1. Единствено корисничко име за секој вработен;
2. Лозинка креирана за секој вработен посебно, составена од комбинација на најмалку 8 (осум) алфанумерички карактеи (од кои минимум една голема буква) и/или специјални знаци;
3. Автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на 15 минути на неактивност и за повторно активирање на системот потребно е одновно внесување на корисничкото име и лозинката;
4. Автоматизирано отфрлање од информативниот систем после три неуспешни обиди (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на корисникот дека треба да побара инструкции од администраторот на информацискиот систем;
5. Инсталирана е хрдверска / софтверска заштитна мрежна бариера ("фајервол"), како и рутер помеѓу информацискиот систем и интерната конекција;
6. Инсталирана е ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
7. Инсталирана е ефективна и сигурна анти-спам зштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
8. Серверите во Општината се приклучени на енергетска мрежа преку уред (UPS) за непрекинато напојување.

**Член 7**

Пристап и обработка на личните податоци за вработените заради спроведување на конкретни права и обврски кои се утврдени согласно законите односно се надлежност на Општината имаат само вработени или ангажирани лица кои се овластени од страна на Градоначалникот односно кои се распоредени да работат работи и работни задачи, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општтинската администарција на Општина Кочани.

**Член 8**

Пристап и обработка на личните податоци на странките и трети лица при водење на управни постапки, прекршочни постапки, барања, предлози или претставки, согласно законските регулативи имаат само вработени или ангажирани лица кои се овластени од страна на Градоначалникот односно кои се распоредени да работат работи и работни задачи, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општтинската администарција на Општина Кочани.

**Член 9**

Серверите кои содржат лични податоци се физички лоцирани и хостирани во Општината во посебна просторија до која пристап има само администраторот на информацискиот систем кој е вработен односно овластен за одржување на информацискиот систем на Општината.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата во кои се наоѓаат серверите, тогаш тоа лице треба да биде придржувано и надгледувано од администраторот на информацискиот систем.

За просторијата во кој се наоѓаат серверите се преземаат мерки за заштита од потенцијални закани како што се кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

**Член 10**

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во Општината пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со документацијата за техничките и организациските мерки.

За лицата кои се ангажираат за извршување на работа во Општината во договорот за нивното ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.

Лицата кои се вработуваат или ангажираат во Општината, пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Изјавата за тајност и заштита на обработката на личните податоци содржи дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци

пред нивниот пристап до личните податоци, ќе вршат обработка на личните податоци согласно документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општината, освен ако со Закон поинаку не е уредено и дека истите ќе ги чуваат како доверливи лични податоци.

Изјавата за тајност и заштита на обработката на личните податоци задолжително се чува во персоналните досиеја на лицата кои се вработуваат или ангажираат.

**Член 11**

Обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица кои има пристап до личните податоци и до информацискиот пристап се дефинирани и утврдени во Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема во Општина Кочани.

**Член 12**

Начинот на евидентирање на секој инцедент кој може да влијае на тајноста и заштитата на личните податоци кои се обработуваат во Општина Кочани, се уредува со Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Општина Кочани.

**Член 13**

Начинот на уништување на документи и бришењето и чостењето на медиумот се пропишани со Правилникот за начинот на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Општина Кочани.

**Член 14**

Начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување на личните податоци се пропишани во Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и повторно враќање на зачуваните лични податоци во Општина Кочани.

**Член 15**

Начинот на кој се води евиденцијата на овластените лица од страна на Градоначалникот на Општина Кочани, кои вршат обработка на лични податоци, е пропишан со Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во Општина Кочани.

**Член 16**

Општината врши периодични внатрешни контроли од кои изготвува извештаи за извршената проверка и констатираниот увид, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Дирекцијата за заштита на личните податоци е надлежен орган кој врши контрола над работењето на Општинта во делот на имплементирање и спроведување на законската регулатива за заштита на личните податоци.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Одредбите на овој Правилник може да се изменат само во писмена форма преку усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кочани

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен на интернет страницата на Општина Кочани.

Бр.03-2855/1
од 19.12.2011 година
Кочани

**Градоначалник**
**на Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

Изработил:
Драган Ананиев